Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Бр. 13-3441/5 од 27.09.2022 год.
(врска Бр. 13-1932 од 2020 год.
и Бр. 13-1857 од 2021 год.)

Врз основа на член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 58 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Кисела Вода бр. 01/2020) и донесените Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година бр. 09-10101/12 од 25.12.2019 година со Решение бр. 08-10497/10 од 31.12.2019 година, Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2021 година бр. 09-9341/4 од 30.12.2020 година со Решение бр. 08-389/2 од 18.01.2021 година и Програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2022 година бр. 09-10907/4 од 30.12.2021 година со Решение бр. 08-475/1 од 14.01.2022 година, за предлог планот за Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј20, Блок 20.03, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода – Скопје (плански период 2020 - 2025), по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
по предлог план за
Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј20, Блок Ј20.03,
КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода - Скопје
плански период 2020 - 2025

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на блокот Ј20.03, како што е одреден со Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт Ј20 (2016 – 2022).

Планскиот опфат е дефиниран со следните граници:
- на северо - исток по оската на улицата „Св. Наум Охридски“,
- на југо - запад по оската на улицата „Востаничка“,
- на северо - запад по оската на улицата „Црниче“ и
- на север по оската на улицата „Павел Шатев“.

Опфатот е со површина од 16.27 ха.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

Јавната анкета по предлог план за Детален урбанистички план за Градска Четврт Ј20, Блок Ј20.03, КО Кисела Вода 1, Општина Кисела Вода – Скопје, плански период 2020 - 2025, ќе се спроведе со изложување на предлог планот во просториите на Општина Кисела Вода – Голема Сала (барака 7) и на www.kiselavoda.gov.mk.

Јавната анкета ќе трае 15 работни дена, почнувајќи три работни дена од денот на објавувањето на ова Соопштение, во информацискиот систем е-урбанизам, како и во две јавни гласила.

**Јавната анкета** ќе трае почнувајќи од **04.10.2022** година до **26.10.2022** година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6), секој работен ден од 08:00 – 20:00 часот, како и преку информацискиот систем е-урбанизам.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи на **13.10.2022 година (четврток) во 09:00 часот,** во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски